Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-30/2
Датум: 28.04.2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-412/1 од 07.05.2025 година поднесена од ----, против ---- за заштита од интерсекциска дискриминација врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група, пол и род, со непостапување на полициски службеници во случај на семејно насилство кој резултирал со фемицид врз ---- од ----, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група, пол и род од страна на ---- во постапувањето во случајот на семејно насилство кој резултирал со фемицид врз ---- од ----.

## О б р а з л о ж е н и е

На 07.05.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителите од ----, во која се бара утврдување интерсекциска дискриминација врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група, пол и род, сторена од страна на полициски службеници со непостапување во случај на семејно насилство, кој резултирал со фемицид врз ----, Ромка од ----.

Во претставката се наведува дека согласно официјални податоци од МВР на ден 03.05.2025 година околу 15:00 часот во скопската населба ---- лицето ---- при семејна расправија со нож ја лишил од живот својата невенчана сопруга ----. Откако ја убил ---- сторителот се дал во бегство, но по преземени мерки и активности тој е лишен од слобода при обид да ја помине државната граница на граничниот премин Табановце.

Дополнително, подносителите наведуваат дека согласно информации објавени во медиумите и сведочењата на нејзиниот татко, блиски лица и адвокатот ----, жртвата повеќе пати се обидувала да пријави семејно насилство во ----, вклучително и во јануари 2025 година, но истата не добила сериозен и соодветен третман и заштита од страна на полициските службеници и инспектори. Наместо да бидат преземени потребните мерки, подносителите наведуваат дека полициските службеници ја уверувале жртвата дека ќе се смири со насилникот, без да го нотираат нејзиниот исказ на записник и без да поднесат формално-правна кривична пријава врз основа на која би се спровела темелна истрага или проценка на ризик. Согласно сознанијата на подносителите, службената позиција на МВР согласно објавите во медиумите е дека

"од починатата жена претходно нема пријава за семејно насилство " што е контрадикторно со сведоштвата на нејзините најблиски и адвокатот ---- и создава основано сомнение за можни пропусти во евиденцијата и/или постапувањето на институциите и случај на потенцијална интерсекциска дискриминација, бидејќи станува збор за жена Ромка.

Подносителите наведуваат дека ваквото потенцијално непрофесионални и несовесно постапување на надлежните полициски службеници и инспектори отстапува од правилата и обврските утврдени во Истанбулската конвенција, согласно кои полицијата има обврска да постапува по службена должност кога постои разумно сомневање за семејно насилство, без оглед на ставот на жртвата. Според наводите во претставката, овој случај е показател на пошироки системски пропусти во спречувањето на родово базираното насилство, особено врз Ромките кои се соочуваат со интерсекциска дискриминација, што ги става во понеповолна положба од другите жени и Роми мажи. Подносителите наведуваат дека според официјални податоци на Министерството за социјална политика, демографија и млади, Ромките се меѓу најпогодените од насилство и најнезаштитените. Само во 2024 година во државата се регистрирани 142 случаи на семејно насилство врз Ромки. Дополнително 20% од жртвите на трговија со луѓе се жени Ромки.

Понатаму, во претставката се посочува извештајот "Фемицид во Република Северна Македонија: Состојба, законска рамка и судска пракса (2018-2022)", во кој се идентификувани 17 кривични гонења за фемицид со 19 женски жртви. Извештајот утврдува дека фемицидите главно се случуваат во домовите на жртвите, а извршителите се главно сегашни или поранешни партнери – како во случајот на ---- Истражувањата покажуваат дека во повеќето случаи жртвите претходно пријавиле насилство, но не добиле соодветна заштита. Податоците од МВР покажуваат дека во 2022 година имало 1117 случаи на семејно насилство, при што главни сторители биле сопрузи, синови или интимни партнери. Во истата година семејното насилство резултирало со 7 убиства и 2 обиди за убиство, што укажува на системски пропусти во превенцијата. Дополнително, подносителите наведуваат дека Центарот за поддршка на жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство ИСИ АРКА од Шуто Оризари во септември 2023 документирал бројни случаи кои покажуваат дека Ромките се соочуваат со сериозни пречки при пријавување семејно насилство, засилени од дискриминација.

Имајќи го предвид сето наведено подносителите бараат од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да утврди интерсекциска дискриминација во постапувањето на полициските службеници во случајот на ----.

На 12.05.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави барање за произнесување по наводите од претставката до -----.

На ден 07.07.2025 година, до Комисијата е доставен поднесок за произнесување по претставката од страна на ----. Во поднесокот се наведува дека во однос на постапувањето на полициските службеници во случајот на семејно насилство врз ----, постапувала и ---- при ----. По извршен увид во службените евиденции, утврдено е дека на ден 30.03.2020 година, од страна на ----, било доставено известување за пријавен настан со елементи на семејно насилство. Се наведува дека полициските службеници од ----- веднаш постапиле по известувањето и излегле на лице место, при што во просториите на ---- извршиле разговор со жртвата ----. По извршениот разговор, полициските службеници констатирале дека постојат елементи на кривично дело „Телесна повреда" предвидено и казниво по член 130 став 2 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Во поднесокот понатаму се појаснува дека, имајќи предвид дека гонењето за наведеното кривично дело се презема по предлог на жртвата, а ---- не сакала да поднесе предлог за поведување на кривична постапка против пријавеното лице, од страна на полициските службеници бил составен службен допис. Исто така, била составена и изјава со своерачен потпис од ----, во која таа побарала пријавеното лице да биде само предупредено. Се наведува дека, заради понатамошно постапување, предметот бил отстапен на полициските службеници од ----, кои за настанот составиле поплака и постапиле врз основа на истата. Дополнително, во поднесокот се наведува дека по извршен повторен увид во службените евиденции од страна на ---- при ----, било констатирано дека во периодот од 30.03.2020 година до 03.05.2025 година не е евидентиран друг настан во кој ---- поднела записник за прием на кривична пријава во врска со семејно насилство.

На 25.12.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна дополнување на претставката од подносителите. Во поднесокот за дополнување на претставката подносителите во насока на правење на тврдењето за дискриминација веројатно посочуваат јавно писмо од Мрежата за поддршка на ромските жени од 06.05.2025, кое е потпишано од 60 поединци и 24 организации, вклучително и од претседателката на советот на Општина Шуто Оризари, во кое се наведува дека системската небрежност и непридржувањето до процедурите во конкретниот случај се директна последица на маргинализираниот статус на жртвата. Дополнително, во поднесокот се наведуваат и изјави на вршители на јавни функции и тоа на заменик министерот за правда, кој изјавил дека законите немаат вредност без соодветна имплементација и дека е потребна обука за судиите за препознавање на фемицид. Судијката во Апелациониот Суд Скопје, ----, изјавила дека недоволните казни водат до неверување на системот и повторување на насилството, додека пак Обвинителката ---- нагласила дека се потребни системски подобрувања за рана превенција. Според подносителите овие изјави се доказ дека државата била свесна за системските пропусти многу пред случајот на ----.

На 05.01.2026, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба и одлучување по предметот, а особено во однос на потврдување на наводите од претставката за постапувањето на

надлежните полициски службеници при пријавување на семејно насилство од страна на ---- во ----, побара од нејзиниот адвокат ----, врз основа на чл. 30, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација да ги достави следниве информации:

- Дали е точно дека во својство на адвокат/застапник во повеќе наврати сте ја придружувале жртвата при нејзините обиди да пријави семејно насилство во полициската станица „---- "?
- Доколку одговорот на претходното прашање е потврден, Ве молиме да наведете точен или приближен број на ваквите придружувања, како и приближни датуми и временски периоди кога истите се случиле.
- Дали за наведените придружувања постои каков било материјален или писмен доказ (на пример: електронска комуникација, службени белешки, записи, дописи, евиденции, аудио или видео материјал), или сведоци кои можат да ја потврдат Вашата присутност и текот на настаните? Доколку да, Ве молиме истите да ги наведете и/или доставите.
- Ве молиме да наведете кои конкретни дејствија или изјави биле преземени или дадени од страна на надлежните полициски службеници и инспектори за време на наведените посети, особено во однос на приемот на пријавата за семејно насилство.
- Дали полициските службеници одбиле да го нотираат исказот на жртвата во службен записник, и доколку да, дали било дадено образложение за ваквото постапување, и кое било неговото содржинско значење?
- Дали за време на придружувањата, полициските службеници ја упатувале жртвата на „смирување" или помирување со сторителот, и доколку да, Ве молиме да наведете контекст, формулација и околности под кои биле изнесени ваквите ставови.
- Дали имате други непосредни или посредни сознанија во однос на целокупниот третман на жртвата од страна на полициските службеници и инспектори, надвор од наведените настани, и доколку да, Ве молиме истите детално да ги опишете.
- Со кои докази, информации или релевантни околности можете да ги поткрепите Вашите сознанија во однос на постапувањето на полициските службеници, особено во контекст на обезбедување на ефективна заштита и проценка на ризик за жртвата?

До денот на носењето на ова мислење споменатиот адвокат не ги достави бараните информации.

Оттука, ценејќи ги наводите изнесени во претставката, поднесокот за дополнување на претставката, прилозите кон истите, како и наводите содржани во поднесокот за произнесување од ---- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е сторена интерсекциска дискриминација од страна на ---- врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група, пол и

род, во постапувањето на полициските службеници во случај на семејно насилство кој резултирал со фемицид врз ---- од ----.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација тргнува од стојалиштето дека фемицидот, како најтешка форма на родово базирано насилство, воедно претставува и најтежок облик на родово базирана дискриминација. Имајќи го тоа предвид, за да стане збор за интерсекциска дискриминација во конкретниот случај преку непостапување на надлежните полициски службеници, подносителите на претставката треба да го сторат тврдењето за дискриминација веројатно, односно да укажат дека полициските службеници пропуштиле да ги преземат сите потребни дејствија, односно не постапиле професионално, совесно и во согласност со важечката законска регулатива, поради вкрстените заштитени карактеристики на ---- – жена Ромка која припаѓа на маргинализирана група.

Комисијата утврди дека подносителите, ниту во претставката, ниту во нејзиното дополнување, не сториле prima facie случај на дискриминација. Имено, во наводите и приложените докази, како што се статистички податоци од извештаи, реакции од мрежи на организации и поединци, како и изјави од јавни функционери поврзани со случајот, не се прави веројатно дека, најнапред, постоеле пропусти во постапувањето на полициските службеници, во смисла на неевидентирање на исказот на ---- на записник и неподнесување пријава за извршено семејно насилство, врз основа на која би се спровела сеопфатна проценка на ризик. Понатаму, подносителите не прават веројатно ниту дека евентуалните пропусти се исклучиво поврзани со вкрстените заштитени карактеристики на ----, односно дека кон неа било постапено понеповолно токму поради тоа што била жена Ромка од маргинализирана заедница.

Во таа насока, Комисијата утврди дека во недостаток на релевантни изјави од блиски лица на ---- и/или од нејзиниот правен застапник, адвокат ----, на кои се повикуваат подносителите, а кои би укажале на евентуално одбивање од страна на полициските службеници да го евидентираат исказот на ---- или да постапат по пријавата, не може да се смета дека е сторено веројатно тврдењето за дискриминација.

Согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, за да дојде до префрлање на товарот на докажување врз потенцијалниот дискриминатор, подносителот е должен да направи веројатно дека постои дискриминација, односно да воспостави јасна причинско-последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда. Дополнително, потребно е да постои каузалност помеѓу евентуалното понеповолно постапување и настанатата штета, како и поврзаност помеѓу таквото постапување и конкретната дискриминаторска основа. Во конкретниот случај, иако подносителите наведуваат дека дискриминацијата се темели на вкрстените карактеристики на ---- – жена, Ромка од маргинализирана заедница, тие не воспоставуваат јасна причинско-последична врска помеѓу овие заштитени карактеристики и тврдењата за наводното непостапување на полициските

службеници, односно неевидентирање на исказот и неподнесување пријава за семејно насилство.

Од друга страна, од поднесокот за произнесување на ---- произлегува дека полициските службеници од ---- при ----, како и полициските службеници од ----, постапиле навремено, координирано и во рамките на законските овластувања во единствениот евидентиран настан во кој ---- пријавила семејно насилство.

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***на еднаква основа со други.*** *Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ